РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-778/11
03-09-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 38-та седница одржана на ден 31.08.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по пријава со број 12-2978/1 од 20.11.2025 година, со наводи за сомневање за злоупотреба на службена должност и овластување од страна на лицето --------------- во период 2010-2018 година, претседател на Управниот одбор на ------------------------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување, поради тоа што за предметниот случај постапил друг надлежен орган и не се потврдуваат наводите од пријавата.

Предметот со број 12-2978/1 од 20.11.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

ДКСК постапува по предмет оформен по пријава со бр.12-2978/1 од 20.11.2025 година, во која се изнесени наводи за сомневање за злоупотреба на службена должност и овластување од страна на лицето ------------------ во период 2010-2018 година, во својство на претседател на Управниот одбор на ----------------------------- (----------).
Во конкретниот случај, станува збор за наводи дека наведеното лице ја искористило својата службена положба како претседател на Управен одбор на ------- и овозможило ------ да му исплати бенефициран стаж односно, осигурување кое се смета за стаж со зголемено траење, со достава на професионална дозвола за пилот на авиони иако не извршувал

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut

работни задачи поврзани со дозволата, со што за себе прибавил корист, а на штета на Буџетот на институцијата и државата.

Поради проверка на пријавените наводи и во насока на утврдување на фактичката состојба во предметот, ДКСК достави Барање за доставување на информации до ---------.

--------- извести дека на лицето ----------------------- во период од 2010-2017 година, не му бил пресметан и уплатен стаж на осигурување со зголемено траење(бенефициран стаж). Именуваниот бил вработен во ------- на 28.12.2007 година, а на 01.03.2011 година бил распореден на работното место раководител на Сектор за -----------------------------, по што на 21.03.2012 година се стекнал со инспекторско овластување за летачки операции, за кое работно место еден од условите бил поседување на дозвола за пилот.
На именуваниот му било исплатено бенефициран стаж од 1 април 2018 година, врз основа на Решение бр.-------/1, затоа што како раководител на Сектор ------------------------------------------------, еден од посебните услови утврдени во Правилникот за систематизација на работните места во ------- бр.---------/2 од 27.02.2015 година, е поседување на дозвола за пилот на авион, која именуваниот ја имал во моментот на донесување на горенаведеното решение. Правен основ за пресметување и исплата на бенефициран стаж на вработениот ------------------ биле горенаведениот Правилник и Правилникот за утврдување на работните места на кои стажот на осигурување му се пресмета со зголемено траење (Службен Весник на РМ бр.32/2011).
Исто така од страна на ------- информираат дека, дополнително Комисија од ПИОМ за утврдување на зголемен стаж на осигурување, изготвил Записник бр.------------/1 од 20.07.2006 година, во кој е утврдено дека за работните места за кои е предвидено важечка дозвола за пилот на авион, задолжително да се пресметува стаж на осигурување 12/18 и ја задолжила Агенцијата со пресметка бр.----------/8 од 05.09.2006 година да изврши ретроактивно уплаќање на придонесите за лицата кои поседуваа пилотски дозволи.

Со цел утврдување на фактичка состојба во предметот, а поради неможност од достава на Записникот од ПИОМ, ДКСК се обрати со барање до Државен инспекторат за труд.

Постапувајќи по барање на ДКСК, ДИТ извршил вонреден инспекциски надзор и со Записник бр.ИП1 ---------- од 13.07.2026 година ја има констатирано следната фактичка состојба во субјектот на надзорот: Лицето ---------------- е вработено во Агенција за цивилно воздухопловство почнувајќи од 28.12.2007 година, на полно работно време. Со договор за вработување од 01.03.2011 година, именуваниот бил распореден на работното место Раководител на Сектор -----------------------------------; Во периодот од 2010 година до 01.04.2018 година, на именуваниот не му бил пресметуван ниту исплатен стаж на

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

осигурување со зголемено траење; Од увидот во Прегледот на регистрирани податоци во матичната евиденција издаден од ПИОМ на РСМ, било утврдено дека на ---------------------- започнал да му се пресметува и признава стаж на осигурување со зголемено траење, почнувајќи од април 2018 година; Согласно со Решение бр.---------/1 од 10.04.20218 година, донесено од директорот на ------- ----------------------, се утврдило дека за работното место „Раководител на Сектор за ---------------------------------------------------------“ стажот на осигурување на вработениот ------------------------------------, распореден на наведеното место, му се признава за стаж на осигурување со зголемено траење со степен 12/18, почнувајќи од 01.04.2018 година, за времетраење на договорот.

Во образложението на горенаведеното Решение е наведено дека согласно член 108 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување и Правилникот за утврдување на работните места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење, за работните места за кои е предвидено вршење пилотски работи, стажот на осигурување може да се пресметува со зголемено траење во степен 12/18. Дополнително се наведува дека како посебен услов за предметното работно место е предвидено поседување на важечка пилотска дозвола за пилот на авион и истото е потврдено од увидот во Правилникот за систематизација на работните места во ------- бр.-----------/2 од 27.07.2015 година.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, ДКСК утврди дека за предметниот случај постапил друг надлежен орган и не се потврдуваат наводите од пријавата, по што оцени дека нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: m-r S.D., Член на ДКСК/Anëtar i KSHPK